

***Во ова продолжение за читателите на порталот „Македонска нација“ ќе ги претст
авиме имињата, зборовите, изразите, називите, терминитe...
кои се во „Библискиот речник“: од***
**Ерусалим**
-
***градот на мирот;
дре
вен град со голема политичка
моќ и со природно добра положба,
до металот железо
од кои биле изработени украсните предмети и амајлиите***

**Ерусалим** - *град на мирот;* древен град со голема политичка моќ, со природно добра положба, меѓу ридовите на надморска висина од 770 м. Бил освоен од Давид, кој го назначил за главен град на Обединетото царство. Таму Соломон го изградил првиот храм. Градот станал свет за Евреите (Пс 122,3-7). Во 586 г.пр.И.Х. градот и храмот биле разурнати од Навуходоносор, а подоцна биле обновени под водство на Ездра и Неемија, по враќањето на Евреите од вавилонското ропство. Римјаните го освоиле Ерусалим во 63 г.пр.И.Х., а го разурнале во 70 г. Христос го посетувал Ерусалим за време на верските празници, како што правеле и сите Евреи. НЗ учи дека во него Господ бил распнат во месноста Голгота и воскреснал по три дни. Оттаму се вознесол на небото и на денот на Педесетницата го пратил Светиот Дух (роденденот на Црквата, (Дап 2)). Во 637 г. муслиманите го освоиле градот и во него останале до 1948 г, кога е создадена современата држава Израел. До 1966 г. бил поделен меѓу Израел и Јордан, а оттогаш потполно му припаднал на Израел. Ерусалим е свет град и на третата религија, на муслиманите, откако во него е подигната Омаровата џамија. Ерусалим е праслика на небесниот Ерусалим, опишан во апокалиптичните книги.

**Есени** - малубројна и во значителна мерка исклучива секта. Броела најмногу до неколку илјади припадници. Настанале во 2 в.пр. И.Х. како протестно движење против античкото грчко влијание на еврејската религија. против корумпираните Цареви и непридржувањето на Евреите до Законот. Во тој поглед биле по строги од фарисеите. Живееле одвоени од општеството, организирани во заедници, Се смета дека познатата Кумранска заедница, која ги напишала свитоците од Мртвото Море, припаѓала на есените, Како заедница не се спомнува во НЗ, иако некои сметаат дека Јован Крстител поминал извесно време во пустината како нивни чпен.

**Естир (Естира)** - главна личност во книгата на Естира, напишана меѓу 300 и 125 г.пр.И.Х. Во неа е опишана епизода од животот на Евреите кои не се вратиле од вавилонското ропство.

**Естира – додатоци** краток девтероканонски запис, содржи додатоци на Книгата за Естира, кои се однесуваат на разликите меѓу оригиналната и античката грчка верзија на текстот.

**Етам** - 1) место во Јудеја, 10 км југозападно од Ерусалим; 2) пештера во која се криел Самсон од Филистејците (Суд 1,15,8); 3) боравиште на Израелците во Суецката пустииа (2 Мој 13,20).

**Етиопија** - древно и денешно име на земјата што се граничи со Египет и Црвеното Море (1 Мој 2,13), Според некои енциклопедии, древниот назив се однесува на денешен Судан, а не на денешна Етиопија. Во многу преводи на СЗ се нарекува Куш.




**Еуфрат** - *мошно широка река;* најдолга река во југозападна Азија (2700 км). Извира во Турција и била природна граница меѓу египетското и вавилонското царство. Вавилон бил изграден на Еуфрат и бил една од најраните цивилизации што настанале на неговите брегови (2 Цар 8,3). Во СЗ често се нарекува *река* или *гол емата река.*

**Ефа** - 1) еврејска мерка; в. Мерки; 2) Мидјанско племе чиј основач се спомнува во 1 Мој 25,4, како внук на Аврам.

**Ефата** - збор со кој Исус му се обраќа на глувонемиот човек (Мк 7:34). Веројатно е арамејски поим со значење, отвори се.

**Ефес**- главен град на провинцијата Азија и важен трговски центар на Мала Азија. Во него апос-толот Павле живеел и работел скоро три години, па Ефес станал христијански центар. Павле престојувал во него и на своите две мисионерски патувања, се додека не морал да бега од побуната на златарот Димитриј, кој бил предводник на изработувачите на идолски предмети (Дап 19,23-40). Имено, во Ефес бил изграден величествен храм на Афродита, божицата на плодноста, кој се сметаза едно од седумте светски чуда. Денешен Селџук.

**Ефод** - *наградник;* според 2 Мој 28,4-14 повеќебоен, волнен или ленен и со злато проткаен дел на облеката на првосвештеникот. Бил изработен слоред строги прописи, а

се носел над горната облека т на градите,украсен со скапоцени камења. Во едниот раб на ефодот се наоѓале камењата за пророкување, Урим и Тумим. Ленен ефод во вид на престилка носеле обичните свештеници (1 Цар 22,18), таков ефод носеле младиот Самуил за време на службата во Силом (1 Цар2,18) и Давид кога играл пред Ковчегот на Заветот (2 Цар6,14). И судијата Гедеон имал наградник во градот Офра (Суд 8,27), како и Михеј во своето светилиште (Суд 17,5). Во некои случаи, ефод се претпоставува дека означува некој лик или идол (Суд8,27; 17,5) или првдмет за претскажување (1 Цар 23,9-12; 30,7-8).

**Ефрем** - име на средниот дел на ридестото подрачје на западната страна на Јордан; им припаднал на тамошните израелски племиња и нивниот прататко Ефрем. Племето имало пообилен благослов од Јаков, во однос на соседното племе на Манасија (1 Мој 48,13). Ова племе се борело против превласта на Јудиното племе, а после расцепот на царството добило водечка улога во Северното израелско царство.






**ПЕТКО ЗЛАТЕСКИ И**



**СЛАВЕ КАТИН**